# Службен гласник

## на Општина Валандово

Број 6 | 23 Јуни 2022, четврток

www.valandovo.gov.mk


**С О Д Р Ж И Н А**


**Градоначалник на општина Валандово:**

1. **Решение** за констатирање престанок на мандат Директор и за именување вршител на должноста Директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово ................ 2
2. **Решение** за констатирање престанок на мандат и за избор Директор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово ..................................................................... 2

**Совет на Општина Валандово:**

1. **Решение** за објавување на Одлуката за утврдување приоритет на Проект „Изградба на полски пат Јосифово - Калково“ ............................................. 3
2. **Одлука** за утврдување приоритет на Проект „Изградба на полски пат Јосифово - Калково“ ............3
3. **Решение** за објавување на Одлуката за давање согласност на намената на инвестицијата „Изградба на полски пат Јосифово - Калково“ ......…............. 3
4. **Одлука** за давање согласност на намената на инвестицијата „Изградба на полски пат Јосифово – Калково“ ......................................................................... 3
5. **Решение** за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2022 година ........................... 3
6. **Одлука** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2022 година ........ 3
7. **Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на организаторот на спортската манифестација – меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2022” Пирава .......................... 4
8. **Одлука** за одобрување на финансиска поддршка на организаторот на спортската манифестација – меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2022” Пирава ......................................................................... 4
9. **Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на ЖФК ПОБЕДА ВАЛАНДОВО 16 ........... 4
10. **Одлука** за одобрување на средства за реализација на програмски активности на ЖФК ПОБЕДА ВАЛАНДОВО 16 .......................................................... 5
11. **Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за санирање на штетите на индивидуална семејна куќа сопственост на фамилијата Јованови од с.Пирава ............................. 5
12. **Одлука** за одобрување на финансиски средства за санирање на штетите на индивидуална семејна куќа сопственост на фамилијата Јованови од с.Пирава ......................................................................5
13. **Решение** за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за реализирање на активности на Општинската организација на Црвениот крст Валандово ........................................ 5
14. **Одлука** за за одобрување на финансиски средства за реализирање на активности на Општинската организација на Црвениот крст Валандово ................ 6
15. **Решение** за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово ... 6
16. **Заклучок** за усвојување на Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово .............................................. 6

Градоначалникот на Општина Валандово, врз основа на член 91 став 13 и член 93-в од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 34/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.229/20), член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на мандат Директор и за именување вршител на должноста Директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово**

**1. СЕ КОНСТАТИРА** престанок на мандатот Директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово на Љубица Невеселова, сметајќи од 12.06.2022 година, поради истек на времето за кое е избран.

**2.** До изборот на нов директор, Ташка Гетова, наставник по економија, менаџмент, бизнис и претприемништво во СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, сметајќи од 12.06.2022 година, **СЕ ИМЕНУВА** за вршител на должноста директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на нејзиното именување.

**3.** Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општина Валандово, согласно член 92-а став 1 од Законот за средното образование, со Решение бр. 04-312/1 од 25.03.2022 година, поведе постапка пред училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, да распише јавен оглас за избор на директор на училиштето.

Со допис бр.02-193/2 од 02.06.2022 година, Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово достави известување, дека по распишаниот јавен оглас ниту еден кандидат нема конкурирано на огласот.

Имајќи го тоа во предвид, и околноста дека мандатот на постојниот директор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово трае до 11.06.2022 година, со оваа Решение се констатира престанок на неговиот мандат, а истовремено во согласност со одредбите од член 93-в од Законот за средното образование, до завршувањето на постапката за изборот на нов директор, но не подолго од шест месеци, од редот на вработените во училиштето кој ги исполнува условите за директор, се именува вршител на должноста директор на училиштето.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Валандово до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Бр.09-588/1 Градоначалник
09.06.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

Градоначалникот на Општина Валандово, по предлог на Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово со допис бр.03-222/9 од 03.06.2022 година, заведен под бр.04-333/2 од 06.06.2022 година, врз основа на член 115 став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20), член 50 став 1 точка 9 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на мандат и за избирање Директор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово**

**1. СЕ КОНСТАТИРА** престанок на мандатот Директор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово на Даниела Џонова, сметајќи од 11.07.2022 година, поради истек на времето за кое е избран.

**2.** Даниела Џонова, досегашен Директор на ООУ "Јосип Броз Тито“ Валандово, **СЕ ИЗБИРА** за директор на ООУ „Јосип Броз Тито“, Валандово.

**3.** Мандатот на директорот трае четири години.

**4.** Избраниот директор должноста директор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово ќе отпочне да ја извршува од 11.07.2022 година.

**5.** Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општина Валандово, согласно член 115 став 3 од Законот за основното образование, со Решение бр. 04-333/1 од 31.03.2022 година, поведе постапка пред училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово, да објави јавен оглас за избор на директор на училиштето.

По спроведена постапка, согласно Законот за основното образование, Училишниот одбор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово, во пропишаниот законски рок, со допис бр.03-222/9 од 03.06.2022 година и Одлука за предлог за избор директор, до Градоначалникот на Општина Валандово, достави предлог на кандидат за избор на директор на оваа основно училиште.

Бидејќи мандатот на актуелниот директор на училиштето трае до 10.07.2022 година, со оваа Решение, Градоначалникот на Општина Валандово го констатира престанокот на неговиот мандат.

Истовремено ценејќи дека постапката за избор на директор на Основното училиште е спроведена во согласност со Законот, а предложениот кандидат ги исполнува пропишаните услови за директор, Градоначалникот на Општина Валандово одлучи за директор на ООУ „Јосип Броз Тито“ Валандово да го избере предложениот кандидат од страна на Училишниот одбор Даниела Џонова, досегашен директор на училиштето.

Избраниот директор со извршувањето на должноста ќе отпочне од 11.07.2022 година.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Валандово до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Бр.09-333/3 Градоначалник
16.06.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување приоритет на Проект „Изградба на полски пат Јосифово - Калково"**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за утврдување приоритет на Проект „Изградба на полски пат Јосифово - Калково", што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 23.06.2022 година.

Бр.09-631/2 Градоначалник
23.06.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 22, став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 23.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување приоритет на Проектот „Изградба на полски пат Јосифово - Калково"**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Валандово **УТВРДУВА ПРИОРИТЕТ** на Проектот „Изградба на полски пат Јосифово - Калково", а за доставување на Барање до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за користење на средства од Програмата на финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година, Мерка 124 Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделство, шумарство и водостопанство и заштита од природните непогоди, наменети за пристап до земјоделско земјиште.

**Член 2**

Приоритетот од Член 1 од оваа Одлука е утврден врз основа на извршените согледувања на приоритетите во руралните населени места во Општина Валандово.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Валандово".

Бр.08-58/2 Совет на Општина Валандово
23.06.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на намената на инвестицијата „Изградба на полски пат Јосифово - Калково"**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на намената на инвестицијата „Изградба на полски пат Јосифово - Калково", што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 23.06.2022 година.

Бр.09-631/3 Градоначалник
23.06.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 22, став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка точка 43, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 23.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за намената на инвестицијата „Изградба на полски пат Јосифово - Калково"**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Валандово **ДАВА СОГЛАСНОСТ** за намена на инвестицијата „Изградба на полски пат Јосифово - Калково", како прилог кон Барањето до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, за користење на средства од Програмата на финансиска поддршка на руралниот развој за 2022 година, Мерка 124 Инвестиции во инфраструктура за развој на земјоделство, шумарство и водостопанство и заштита од природните непогоди, наменети за пристап до земјоделско земјиште.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник" на Општина Валандово.

Бр.08-58/3 Совет на Општина Валандово
23.06.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2022 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2022 година, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 23.06.2022 година.

Бр.09-631/4 Градоначалник
23.06.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 33 став 2 и 3 во врска со член 34 од Законот за Буџетите ("Службен весник на РМ" бр. 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница одржана на ден 23.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Валандово за 2022 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | Буџет | Самоф. | Донац. | Дотац |
|---|---|---|---|---|
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 423620 Училиш. материјали | 0 | -18.000 | 0 | 0 |
| 424210 Одржување на згради | 0 | -20.000 | 0 | 0 |
| 425990 Други договор. услуги | 0 | -26.000 | 0 | 0 |
| 426990 Други операт.расходи | 0 | -30.000 | 0 | 0 |
| 426990 Други трансфери | 0 | -10.000 | 0 | 0 |
| 421110 Електрична енергија | 0 | 104.000 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово" и станува дел на Буџетот на Општина Валандово за 2022 година.

Бр.08-58/4 Совет на Општина Валандово
23.06.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на организаторот на спортската манифестација –меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2022" Пирава**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на финансиска поддршка на организаторот на спортската манифестација – меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2022" Пирава, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 23.06.2022 година.

Бр.09-631/5 Градоначалник
23.06.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница одржана на ден 23.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиска подршка на организаторот на спортската манифестација – меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2022" Пирава**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, на организаторот на спортската манифестација меморијален турнир во мал фудбал „НАЧО 2022" Пирава, се одобруваат средства во износ од 60.000,00 денари.

**Член 2**

Исплатата на одобрените средства да се изврши од програма АО- Совет на општина, подставка 464990 - други трансфери, на сметка бр.210071819300109 депонент НЛБ Банка АД Скопје, на име на организаторот – Здружение за подобрување на квалитетот на животот во Месната Заедница Пирава, Валандово.

**Член 3**

Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финансиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-58/5 Совет на Општина Валандово
23.06.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на ЖФК ПОБЕДА ВАЛАНДОВО 16**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на средства за реализација на програмски активности на ЖФК ПОБЕДА ВАЛАНДОВО 16, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 23.06.2022 година.

Бр.09-631/6 Градоначалник
23.06.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 23.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства за реализација на програмски активности на ЖФК ПОБЕДА ВАЛАНДОВО 16**

**Член 1**
Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, на ЖФК ПОБЕДА ВАЛАНДОВО 16, за реализација на програмски активности, се одобруваат средства во износ од 30.000,00 денари.

**Член 2**
Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од програма АО- Совет на општина, подставка 463120 – трансфери до спортски клубови, на сметка на ЖФК ПОБЕДА ВАЛАНДОВО 16, бр.210071349240146 депонент НЛБ Банка АД Скопје.

**Член 3**
Корисникот е должен, одобрените средства, наменски да ги употреби и за истите во рок од 15 дена од нивната реализација да достави финснсиски извештај со фотокопија од документацијата за намената за која се искористени.

**Член 4**
Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-58/6 Совет на Општина Валандово
23.06.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за санирање на штетите на индивидуална семејна куќа сопственост на фамилијата Јованови од с.Пирава**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на финансиски средства за санирање на штетите на индивидуална семејна куќа сопственост на фамилијата Јованови од с.Пирава, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 23.06.2022 година.

Бр.09-631/7 Градоначалник
23.06.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" сл.весник на РМ.бр.5/2002) и член 45 и 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 23.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства за санирање на штети на индивидуална семејна куќа сопственост на фамилијата Јованови од с. Пирава**

**Член 1**
Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово се одобруваат средства на фамилијата Јованови од с.Пирава, Валандово во износ до 120.000,00 денари, како финансиска помош на општината, за санирање на штети предизвикани на нивната индивидуална семејна куќа, од паѓање на јавор од невреме проследено со силен ветар, на ден 06.06.2022 година.

**Член 2**
Средствата за реализација на помошта ќе се исплатат од програма АО Совет на Општина, подставка 413110 Тековни резерви (разновидни расходи), на име Спасо Јованов со ЕМБГ 0802963463005 бр. на сметка 200002043580084 депонент Стопанска Банка АД Скопје.

**Член 3**
Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-58/7 Совет на Општина Валандово
23.06.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за реализирање на активности на Општинската организација на Црвениот крст Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за одобрување на финансиски средства за реализирање на активности на Општинската организација на Црвениот крст Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 23.06.2022 година.

Бр.09-631/8 Градоначалник
23.06.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дванаесеттата редовна седница одржана на ден 23.06.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување средства за реализирање на активности на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука од Буџетот на Општина Валандово, на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово и се одобруваат средства во износ од 10.000,00 денари, за покривање на превозни трошоци на учесници од ОО на ЦК Валандово на обука за негуватели за помош и нега на стари лица во Регионалниот тренинг центар во Струмица.

**Член 2**

Исплатата на одобрените средства да се изврши од програма АО- Совет на општина, подставка 463160- трансфери до хуманитарни организации, на сметка на Општинската Организација на Црвениот крст Валандово број 200000001356537 депонент Стопанска Банка АД Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-58/8 Совет на Општина Валандово
23.06.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучокот за усвојување на Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 23.06.2022 година.

Бр.09-631/9 Градоначалник
23.06.2022 год. на Општина Валандово
Валандово Перо Костадинов

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 45 и 48, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на дванаесеттата редовна седница, одржана на ден 23.06.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на на Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Информацијата за остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош на граѓаните на Општина Валандово.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-58/9 Совет на Општина Валандово
23.06.2022 год. Претседател
Валандово Владимир Марков